HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е еден од најсилните брендови на македонскиот финансиски пазар. Преку ефикасно нудење на сите банкарски услуги, создава вредност за своите клиенти, акционери и вработени. Водени од нашата визија за водечка банка во регионот, својот широк асортиман на производи го нудиме насекаде во земјата преку широката мрежа на филијали.

Согласно тековните потреби од нововработени лица во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за следната работна позиција:

**Референт за заштита на личните податоци**

**во Независно одделение за заштита на личните податоци**

**Референца Бр. 005/2025**

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Завршено најмалку Високо образование – Правен факултет (правни студии) или друг факултет од областа на информатиката и компјутерските науки или областа на информациска безбедност
- Ќе се смета за предност претходно релевантно работно искуство од областа на практиките и прописите за заштита на личните податоци, како и стручни квалификации и вештини во областа на заштитата на личните податоци
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање, познавање на дополнителен јазик ќе биде од полза
- Возачка дозвола Б категорија.
-

**Истовремено, кандидатот треба да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Професионален и темелен пристап кон работните обврски
- Ефикасно управување со време, приоритети и почитување на рокови
- Чесност, доверливост и интегритет
- Одржување на компетентност во областа и превземање одговорност кон доделени задачи
- Одлични комуникациски вештини и способност за тимска работа
- Ориентираност кон решавање на проблеми, креативно и критичко размислување
- Интердисциплинарност и способност за холистички пристап при извршувањето на работните задачи
- Познавање на правниот систем и легислатива во РС Македонија, како и на правните инструменти и практики на Советот на Европа

- Познавање на меѓународните стандарди од областа на информациска и сајбер безбедност и управување со ризици (пр.ISO 27001, ISO 27005) ќе се смета за предност
- Професионален изглед и однесување.

**Главни работни задачи и одговорности кои што ќе бидат должност на вработениот ангажиран на горенаведената позиција:**

- Следење на усогласеноста во работењето на Халк Банка со прописите за заштита на личните податоци, други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во РС Македонија, како и со политиките на Халк Банка во однос на заштитата на личните податоци;
- Учество во вршењето на контроли и ревизии на процесите и операциите на вршење обработка на личните податоци и примената на технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци, како и составување предлог извештаи/записници од извршените контроли и ревизии;
- Учество во процесите на управувањето со обработувачите;
- Изработка на предлог договорни клаузули за договорите кои Банката ги склучува со обработувачи и други контролори/заеднички контролори;
- Давање совети на вработените во случаи на пренос на лични податоци во други држави во координација со офицерот за заштита на личните податоци;
- Учествува во процесот на постапувањето по барања за остварување на правата на субјектите на личните податоци кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци;
- Изработка на предлог правни акти од областа на заштита на личните податоци;
- Водење на ажурни евиденции кои произлегуваат од областа на заштита на личните податоци;
- Разменување на ставови во врска со прашања од областа на заштитата на личните податоци.

**Бенефиции:**

- Конкурентна плата;
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Можности за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **07.02.2025** година на следниов е-маил: **career@halkbank.mk** со назнака: **Референца Бр. 005/2025 – Референт во Независно одделение за заштита на личните податоци**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со мотивациско писмо и препораки. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година. Доколку сакате да ја повлечете согласноста за чување и обработка на Вашите лични податоци за цели на идни нови вработувања во Банката, истото можете да го направите во секое време на следниот е-маил: career@halkbank.mk.

Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.